Совет на Општина Делчево
Број 09-784/2
12.03.2026 година
Д е л ч е в о

# ЗАПИСНИК
## од одржаната Седма седница на Советот на Општина Делчево

Седмата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 12.03.2026 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 09:00 часот.

На седницата присуствуваа 13 советници.

Оправдано отсутни: Ангела Атанасова и Тони Стаменковски.

На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, образлгачите на точките (раководители и директорите), претставници на општинската администрација и претставници на медиумите.

За 7.седница, претседателот на Советот го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од 4.седница
-Усвојување на Записник од 5.седница
-Усвојување на Записник од 6.седница

1.Предлог- Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории на Министерството за внатрешни работи;
**Образлагач:** Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки.
2.Предлог-Одлука за донација на парични средства на ПАКОМАК ДОО Скопје како поддршка на проект од јавен интерес “Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2”;
3.Предлог-Одлука за промена на назив на установа и скратен назив;
4. Предлог-Одлука за за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;
**Образлагач:** Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи.

5.Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Делчево поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
**Образлагач**: Даниела Такева-Советник за односи со јавноста и протокол.

6. Предлог-Одлука за приоритетен предлог за Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој;
7. Предлог-Одлука за приоритетен предлог за Проекти за ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА;
8.Предлог-Одлука за приоритетенпредлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;
**Образлагач:** Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.
9.Предлог-Одлука за отстранување на хаварисани, напуштени и нерегистрирани возила од јавните површини на Општина Делчево;
10.Предлог-Одлука за утврдување на локација за поставување на собирачки центар за електричен и електронски отпад

11. Извештај за спроведувањето на Програмата за јавна чистота за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
**Образлагач:** Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животната средина и комуналната инфраструктура.
12.Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Доброволна спасителска служба ОСОГОВО;
13. Предлог-Одлука за финансиска помош на Данијела Ивановска;
14.Предлог-Одлука за финансиска помош на Драгана Ѓорѓиевска;
15. Предлог-Одлука за финансиска помош на Кирчо Ризов;
16. Предлог-Одлука за финансиска помош на Ѓорѓи Марковски.
17.Предлог-Заклучок во врска со Барање на МЗ Тработивиште бр.09-3087/1 од 31.12.2025;
**Образлагач:** Николчо Стојменовски, претседател на Совет.
18.Предлог-Одлука За давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски"Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4;
**Образлагач**: Димитар Видимлиски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски".

19. Предлог-Програма за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година ;
**Образлагач:** Џулиета Мемедова-Самостеоен референт за безбедност и здравје при работа.

20. Предлог-Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година;
**Образлагач**: Наташа Димитровска-Виш соработник за информации и контакт со граѓаните.

21.Предлог-Одлука за определување на тарифи за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Делчево.
**Образлагач:** Николина П.Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта.
22.Предлог-Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница за 2026 година;
23. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница"-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
24.Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница"-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
25. Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на надоместоци за користење под закуп на пазарни тезги и деловни објекти на „Градски пазар во Општина Делчево", донесена од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
**Образлагач:** Марија Сумрачка-ВД директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево
26. Предлог-Одлука за избор на член од Советот на Општина Делчево кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот
**Образлагач:** Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за општи и правни работи.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Градоначалникот на Општина Делчево кој согласно член 61 став 2 од Деловникот предложи денешниот дневен ред да се дополни со точка- Информација за советниците и јавноста во врска со обидите на советникот Тони Стаменковски од политичката партија Левица, како и донесување на Заклучок во врска со истата, при што ја образложи и итноста на точката. Тој истакна дека предлогот за дополнување на дневниот ред е доставен до претседателот на Советот .Во врска со предлогот за дополнување на дневниот ред, градоначалникот истакна дека додека тој како градоначалник на Општина Делчево нема да дозволи во Делчево да се направи каков било преработувачки погон што е против законот и против здравјето и безбедноста на граѓаните на општина Делчево. Тоа било кажано

повеќе пати од негова страна во директна комуникација со советникот Тони Стаменковски од Левица и било изнесено повеќе пати во јавноста. По негова директна препорака, а во широка соработка со бизнис-секторот во Делчево, по долги плански активности и координација на сите надлежни органи, биле дадени насоки за бришење на сите градежни парцели со намена Г1- тешка и загадувачка индустрија во рамки на постапката за донесување на новиот ГУП Делчево.Градоначалникот истакна дека пред една година до Општина Делчево, Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно со закон, има поднесено Барање за мислење во врска со НАМЕРА за иницијатива за воспоставување постојка за стерелизација на медицински отпад, а Општина Делчево експресно НЕГАТИВНО ОДГОВОРИЛА по однос на ова барање со аргументи и потпишани од пет службени лица и поранешниот градоначалник- зошто се издава НЕГАТИВНО мислење.

*-И покрај сите овие аргиументи кои се јавно достапни, во недостиг на реална политичка понуда советникот на Левица, иако ја книжи 5-тата година во нашиот Совет, не може да се одлепи од политичкото дно и кал во која се наоѓа неговата фејбук партија, па на ваков начин со ширење општа паника во јавноста сака политички да профитира преку ширење на манипулации во јавност, посочи Гоцевски*.

Градоначалникот нагласи дека „во Делчево ќе се развива пазарна зелена економија, сервиси, услужни дејности и трговија, согласно закон, што како матрица можеби е несвојствено за левичарски ум кој сонува за некаква имагинарна револуција базирана на лаги и манипулации, во која несомнено сакаат преку вакви постапки да ја втурнат целата локална заедница“.

*-Нашиот пристап за развој на Делчево е пристап на економска одржливост и предвидловост на стопанството, со многу работа и знаење, заедно со сите граѓани да изградиме подобар стандард за живеење во нашата општина, истакна на крајот градоначалникот.*

На крајот од неговото обраќање, тој го прочита Предлог-Заклучокот во врска со Информацијата.

Претседателот го стави предлогот за дополнување на дневниот ред- Информација за советниците и јавноста во врска со обидите на советникот Тони Стаменковски од политичката партија Левица со Предлог- Заклучок.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред со оваа точка.

Претседателот на Советот на Општина Делчево истакна дека од предложениот дневен ред кој бил доставен до советниците, предлагачот на точките-Општина Делчево ги повлекува точките :

***15. Предлоґ-Одлука за финансиска ӣомош на Кирчо Ризов;***

***16. Предлог-Одлука за финансиска помош на Ѓорѓи Марковски.***

***17.Предлог-Заклучок во врска со Барање на МЗ Трaботивиште бр.09-3087/1 од 31.12.2025;***

Точката 15 се повлекува по барање на семејството на веќе покојниот Кирчо Рзиов.

Точката 16 образлагачот ја повлекува од причини што барателот треба да го поднесе барањето до Комисијата за ЕПП;

Точката 17 се повлекува од причини што барањето на МЗ с.Тработивиште ќе биде вметнато во Програмата за работа на месни и урбани заедници.

Исто така тој рече дека во периодот од кога била закажана седницата па до денес на дневен ред треба да бидат додадени неколку точки поради итност од различен карактер и тоа:

-Предлог- Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бр. 09-2013/1 од 29.08.2025 година;

-Предлог-Одлука за финансиска помош на Демир Јашаров;

-Предлог-Одлука за финансиска помош на Ерол Садулов;

-Предлог- Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево;

-Предлог-Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево;

На гласање беше ставен предлогот за дополнување на дневниот ред со точка- *Предлог- Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке" Делчево бр. 09-2013/1 од 29.08.2025 година.*

Со 13 гласа „ЗА", предлогот беше прифатен.

На гласање беше ставен и предлогот за дополнување на дневниот ред со точка-*Предлог-Одлука за финансиска помош на Демир Јашаров.*

Со 13 гласа „ЗА", предлогот беше прифатен.

На гласање беше ставен и предлогот за дополнување на дневниот ред со точка-*Предлог-Одлука за финансиска помош на Ерол Садулов.*

Со 13 гласа „ЗА", предлогот беше прифатен.

На гласање беше ставен и предлогот за дополнување на дневниот ред со точка-*Предлог- Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево;*

Со 13 гласа „ЗА", предлогот беше прифатен.

На гласање беше ставен и предлогот за дополнување на дневниот ред со точка- *Предлог-Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево;*

Со 11 гласа „ЗА", и двајца се изземаат од гласање, предлогот беше прифатен.

Процедурално за збор се јави Игор Гошевски кој рече дека со овие дополнителни 5 точки се крши член 59 од Деловникот, односно материјалите не се доставени навреме, 7 дена пред одржувањето на седницата.

Претседателот на Советот рече дека е во ред процедуралната забелешка на советникот Игор Гошевски, но сепак станува збор за итни точки и затоа се предложени како дополнување на дневниот ред.

На гласање беше ставен следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 4.седница

-Усвојување на Записник од 5.седница

-Усвојување на Записник од 6.седница

1.Предлог- Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории на Министерството за внатрешни работи;

**Образлагач:** Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки.

2.Предлог-Одлука за донација на парични средства на ПАКОМАК ДОО Скопје како поддршка на проект од јавен интерес "Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2";

3.Предлог-Одлука за промена на назив на установа и скратен назив;

4. Предлог-Одлука за за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;

**Образлагач:** Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи.

5.Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Делчево поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Даниела Такева-Советник за односи со јавноста и протокол.

6. Предлог-Одлука за приоритетен предлог за Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој;
7. Предлог-Одлука за приоритетен предлог за Проекти за ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА;
8.Предлог-Одлука за приоритетенпредлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;
**Образлагач:** Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.
9.Предлог-Одлука за отстранување на хаварисани, напуштени и нерегистрирани возила од јавните површини на Општина Делчево;
10.Предлог-Одлука за утврдување на локација за поставување на собирачки центар за електричен и електронски отпад
11. Извештај за спроведувањето на Програмата за јавна чистота за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
**Образлагач:** Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животната средина и комуналната инфраструктура.
12.Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Доброволна спасителска служба ОСОГОВО;
13. Предлог-Одлука за финансиска помош на Данијела Ивановска;
14.Предлог-Одлука за финансиска помош на Драгана Ѓорѓиевска;
15.Предлог-Одлука За давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски"Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4;
**Образлагач**: Димитар Видимлиски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски".

16. Предлог-Програма за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година ;
**Образлагач:** Џулиета Мемедова-Самостеоен референт за безбедност и здравје при работа.

17. Предлог-Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година;
**Образлагач**: Наташа Димитровска-Виш соработник за информации и контакт со граѓаните.

18.Предлог-Одлука за определување на тарифи за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Делчево.
**Образлагач:** Николина П.Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта.
19.Предлог-Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница за 2026 година;
20. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница"-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
21.Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница"-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
22. Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на надоместоци за користење под закуп на пазарни тезги и деловни објекти на „Градски пазар во Општина Делчево", донесена од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
**Образлагач:** Марија Сумрачка-ВД директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
23. Предлог-Одлука за избор на член од Советот на Општина Делчево кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот;
**Образлагач:** Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за општи и правни работи.

24. Предлог- Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бр. 09-2013/1 од 29.08.2025 година;

**Образлагач:** Сашко Ивановски-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;

25. Предлог-Одлука за финансиска помош на Демир Јашаров;

26. Предлог-Одлука за финансиска помош на Ерол Садулов;

27.Предлог- Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;

28. Предлог- Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;

**Образлагач:** Николчо Стојменовски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

29. Заклучок во врска со Информацијата за советниците и јавност во врска со обидите на советникот Тони Стаменковски од политичката партија Левица.

Со 13 гласа„ ЗА“ истиот беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 4.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а Записникот од 4.седница, ставен на гласање.

Со 13 гласа„ ЗА“ истиот беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 5.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а Записникот од 5.седница, ставен на гласање.

Со 13 гласа„ ЗА“ истиот беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 6.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а Записникот од 6.седница, ставен на гласање.

Со 13 гласа„ ЗА“ истиот беше усвоен.

**Прва точка-Предлог- Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории на Министерството за внатрешни работи;**

Образлагач по оваа точка беше Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки.

Таа рече дека со оваа Одлука на Министерството за внатрешни работи се даваат на трајно користење следните службени простории сопственост на Општина Делчево кои се опишани во член 1 на оваа одлука.Недвижните ствари опишани во член 1 на оваа Одлука се дел од КП бр. 7132 на ул. „М.М. Брицо“ бб Делчево, евидентирани во ИЛ бр.10321, КО Делчево и истите се даваат на трајно користење без надоместок на Министерството за внатрешни работи за извршување на редовни надлежности на нивните Управни служби во Делчево.Врз основа на оваа Одлука ќе се склучи Договор за користење помеѓу Општина Делчево и Министерството за внатрешни работи со дефинирање на правата и обврските на двете договорни страни.

Составен дел на оваа Одлука е скица од внатрешно мерење на запишани недвижни ствари извршени од Агенцијата за Катастар на недвижности, Одделение Делчево.

Користењето на недвижните ствари може да престане со Одлука на Советот на Општина Делчево согласно закон, како и во случаи кога стварите се користат спротивно на намената и извршувањето на работите за кои се дадени. Доколку имате дополнителни прашања, повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево

**Втора точка-Предлог-Одлука за донација на парични средства на ПАКОМАК ДОО Скопје како поддршка на проект од јавен интерес “Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2”;**

Точката ја образложи Ивана Ивановска која рече дека овбаа одлука се донесува врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа согласно со Законот за донации и спонзорства во

јавните дејности . Истата се однесува на донација на парични средства на ПАКОМАК ДОО Скопје како поддршка на проект од јавен интерес "Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2". Општина Делчево, како давател на донација, донира на ПАКОМАК ДОО Скопје, како примател на донација, парични средства како поддршка на Проектот од јавен интерес "Паметно управување со отпад од пакување во Македонија, фаза 2".

Давателот на донацијата ќе донира парични средства на Примателот на донацијата со цел поддршка и вклучување на општина Делчево во проектот од јавен интерес „Паметно управување со отпадот од пакување во Македонија, фаза 2"„ со кој преку поставување на повратни вендинг машини за собирање на пластични шишиња и алуминиумски лименки, се поттикнува создавање на навики кај населението за електираното собирање на отпадот од пакување и негово рециклирање како и подигнување на еколошката свест за бенефитите од селекцијата и рецклирањето во насока на заштитата и унапредувањето на животната средина. Општина Делчево ќе донира на ПАКОМАК ДОО Скопје 100.000,оо денари (деведесет илјади денари). Паричните средства Давателот на донацијата се обврзува да ги донира/исплаќа на квартално ниво, а за секој дониран паричен износ од страна на Давателот на донацијата, Примателот на донацијата се обврзува да потпише потврда за примена донација во која ќе биде содржан износот на финансиските средства кои ги примил како донација. Паричните средства, давателот на донацијата се обврзува да му ги исплаќа на примателот на донацијата на неговата трансакциска сметка.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој ја праша образлагачот дали средствата се за вендинг машината и од која програма и која ставка ќе бидат обезбедени тие средства?

Ивана Ивановска рече дека средствата не се за вендинг машината туку за граѓаните кои ќе собираат и ќе селектираат пластичен отпад. Што се однесува за тоа од која програма и од која ставка ќе бидат обезбедени средствата, таа рече дека ќе бидат обезбедени од ставката договорни услуги.

Игор Гошевски побара тој одговор да му се достави писмено.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека оваа одлука и овие средства што се одделуваат од Буџетот се повеќе во насока на  подигнување на еколошката свест на граѓаните за бенефитите од селекцијата и рецклирањето на пластичниот отпад, како и во подигањето на свеста за заштитата и унапредувањето на животната средина. За жал поради блокираната сметка и рамката што ја има општината, не може да се инвестира повеќе во тој дел. Инаку машините ќе бидат поставени во Централното градско подрачје, а со помош на мобилната смарт апликација граѓаните ќе имаат можност да добиват 0,5 денари за еден зелен поен и потоа истите да ги користат во нашите локални маркети. Со тоа, некој начин ќе имаме повеќекратен бенефит, бенефит ќе имаат граѓаните, локалните фирми, маркетите и циркуларната економија, како и зашштита на животната средина.

Игор Гошевски го праша градоначалникот дали Општината веќе има воспоставена ваква соработка со локалните маркети и дали ќе се даде предност на помалите маркети и предложи да се размисли „зелените" поени да се користат во такси превозот како што е пракса во некои општини.

Градоначалникот истакна дека со овој проект ниту тој како градоначалник, ниту Општина Делчево имаат некој личен бенефит. Бенефитот е за сите, а тоа е заштитата на животната средина. Соработка има со локалните фирми, проектот веќе се спроведува успешно во Берово и тие како општина се позитивен пример во тој дел, кај нов тоа е пракса веќе неколку години, сега проектот ќе се спроведе во Делчево и М.Каменица, а доколку има интерес, истиот може и да продолжи.

Претседателот на Советот истакна дека  предлогот на Игор Гошевски- зелените" поени да се користат во такси превозот како што е пракса во некои општини, е добар и треба да се размисли.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА", против-нема и 2 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Трета точка-Предлог-Одлука за промена на назив на установа и скратен назив;

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека оваа одлука се донесува врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната, член 35 став 3 од Законот за установи, а во врска со Одлуката за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ. Одлуката е составена од три члена и со неа се менува називот на установата и новиот назив гласи:

Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево-во ликвидација.Се менува скратениот називот на установата и новиот скратен назив гласи:

МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево-во ликвидација.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша која е конкретно целта со оваа одлука во врска со музејот бидејќи досега има донесено повеќе одлуки во врска со него и што се планира во иднина со музејот?

Ивана Ивановска рече дека целта е да се ликвидира музејот и затоа се бара ваква одлука во самиот назив да се додаде дека е во ликвидација, така е според важечките законски одредби.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за промена на назив на установа и скратен назив.

Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека оваа одлука се утврдува предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово бр. 09-781/1 од 05.03.2026 година. Предлогот е доставен до претседателот, истиот се однесува за вршење на работи и работни задачи во надлежност на општината, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, Овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност помеѓу Општина Делчево и Општина Берово. По донесувањето на оваа одлука ќе се склучи Договор помеѓу двете општини, а потребните финансиски средства ќе зависат од бројот на работните часови.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша која е целта на Годишниот план за вработување и неговите измени, кога не се предвидени вработувања за овие работни места за кои постојано са бара воспоставување меѓуопштинска соработка, па Општината мора да воспоставува соработка со сите општини и да ги плаќа нивните услуги кои се под знак прашалник бидејќи сите тие инспектори си имаат свои работни обврски во матичните општини. Предлагам да се направи измена на Годишниот план за вработување и да се предвидат сите инспекторски работни места за кои сме законски обврзани како Општина, рече тој.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека дискусијата се одвива токму во правец во кој не треба да се одвива, моделот на меѓуопштинска соработка е токму тоа-да не се трошат плус пари од општинскиот буџет. Меѓуопштинската соработка претставува сè позначајна алатка за надминување на ограничувањата во капацитетите, унапредување на квалитетот на услугите и обезбедување одржлив локален развој, уште повеќе ако се има предвид дека локалните самоуправи се соочуваат со сè поголеми барања и сè поограничени ресурси, искуството и лидерството на градоначалниците, како и на квалификуваниот локален кадар, се од суштинско значење за идентификување практични применливи решенија. Меѓуопштинската соработка претставува важна алатка преку која општините можат заеднички да ги надминат ограничувањата во административните и финансиските капацитети, да реализираат заеднички проекти и да обезбедат поефикасни и поквалитетни услуги за граѓаните. Со тој модел ем ги

имаме сите инспектори со кои сме законски обврзани, ем плаќаме помалку пари. За да сите тие бидат предвидени во ГПВ, прво мора да бидат предвидени со Правилникот за систематизација, постапка која трае доста време и која бара претходно повеќе работи, да се изготви функционална нализа и слично. Во иднина, Оштина Делчево планира меѓуопштинска соработка со општина Виница, ние ќе им дадеме градежен инспектор, а ти нам комунален. Во иднина, ако Општината закрепне финансиски, ќе предвиди вакви работни места и ќе бидат вработени сите потребни инспектори, рече Градоначалникот. Конкретно за оваа одлука која се однесува за инспектор за туристичка и угостителска дејност, Општина Делчево мора да прибере повеќе средства по основ на туристичка такса и поголем прилив на приходи од ноќевања. За тоа колку е важна меѓуопштинската соработка, од страна ИПР била организирана и работилница на таа тема во Виница. Интенцијата на општина Делчево да се склучи и меѓународна соработка со некоја општина.

Игор Гошевски рече дека неговиот коментар во врска со оваа одлука е да се предвидат сите потребни работни места во годишните планови за вработувања за кои Општината има законска обврска.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Петта точка-Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Делчево поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Даниела Такева-Советник за односи со јавноста и протокол која рече дека ова е прв ваков извештај за првата таква програма. Граѓанското учество како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество. Ангажираното граѓанство, т.е. граѓаните кои се активно вклучени во подобрување на своите заедници и својата држава се од огромна корист за граѓанското општество и главен показател за здрави заедници, демократска држава и задоволни граѓани. Граѓанското учество подразбира вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки и креирање политики и гради мост меѓу власта и граѓаните, создава потранспарентна власт и помага во подобрување на услугите.

Граѓанското учество на територијата на Општина Делчево е сè поактивно и во насока да се подобри ефикасноста на локалната власт и да се подобри испораката на јавните услуги, како и ефикасноста на локалните институции.

Општина Делчево ги има препознаено важноста и улогата на граѓанскиот сектор во развојот на деморатските процеси во општината и општо во развојот и подобрувањето на животот во заедницата. Граѓанските организации во Делчево ја имаат потврдено својата посветеност на пресретнување на потребите на граѓаните преку бројни активности, како: културни манифестации, спортски настани, социјална и хуманитарна помош, еколошки акции, поддршка на образованието и сл. Таа истакна дека нема повеќе да должи бидејќи сите советници ги имаат добиено материјалите и доколку имаат прашања, може слободно да прашаат.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој ја праша Д.Такева кој реализиран проект би го издвоила таа од Програмата за 2025 година?

Даниела Такева рече дека сите планирани проекти во Програмата за 2025 година се реализирани и еднакво важни, но сепак ги спомна: Младинска акција за лидерство, дијалог и промени“ на Организација ЖЕНА, „Како да произведеме биохрана“ на ЗГ Аронија, Програма за дејствување на Здружението на пчелари ПИЈАНЕЧКА ПЧЕЛА ДВА Делчево и др.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Делчево поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за приоритетен предлог за Проекти за развој на урбаните подрачја и**

**одржлив и урбан развој;**

Оваа точка ја образложи Т.Стоименовски-Советник за ЛЕР кој рече дека со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „Реконструкција на улица Мито Хаџивасилев – Јасмин и јавен паркинг“. Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој.

Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 3 810,246, 00 денари. За реализација на проектот „Реконструкција на улица Мито Хаџивасилев – Јасмин и јавен паркинг“. потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.Средствата потребни за реализација на проектот „Реконструкција на улица Мито Хаџивасилев – Јасмин и јавен паркинг“ ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој.Време на имплементација најдоцна до 12 месец 2026.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**7. Предлог-Одлука за приоритетен предлог за Проекти за ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА;**

И оваа ја образложи Т.Стоименовски-Советник за ЛЕР кој рече дека со оваа одлука се дава приоритетен предлог за Проекти за ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА. Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „Изградба на детско игралиште во Спортски центар Делчево“ и набавка на риквзити за детски игралишта и спортски терени во Делчево.Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на пшланските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година.Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 4.200, 000.00 денари.За реализација на проектот „Изградба на детско игралиште во Спортски центар Делчево“ и набавка на риквзити за детски игралишта и спортски терени во Делчево потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 12%.Средствата потребни за реализација на проектот „Изградба на детско игралиште во Спортски центар Делчево“ и набавка на риквзити за детски игралишта и спортски терени во Делчево ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа- програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на пшланските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година. Време на имплементација најдоцна до 12 месец 2026.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Осма точка-Предлог-Одлука за приоритетенпредлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;**

Образлагач и по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР кој истакна дека со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „Набавка на механизација за оддржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби во Делчево“.Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по програмата за за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2026 година. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 2.381,000.00денари.За реализација на проектот „Набавка на механизација за оддржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби“ потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%. Средствата потребни за реализација на проектот „Набавка на механизација за оддржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби“. ќе се

обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2026 година. Време на имплементација најдоцна до 12 месец 2026.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за отстранување на хаварисани, напуштени и нерегистрирани возила од јавните површини на Општина Делчево;**

Точката ја образложи Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животната средина и комуналната инфраструктура која рече дека оваа одлука се донесува согласно Законот за локална самоуправа, Законот за јавна чистота и Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата. Со неа се уредуваат условите, постапката и начинот за идентификација, означување, отстранување и складирање на хаварисани, напуштени и нерегистрирани моторни возила поставени на јавни површини на територијата на Општина Делчево. Под хаварисани или напуштени возила се подразбираат моторни возила кои:

- се очигледно оштетени, нефункционални или без делови неопходни за нормално движење;
- се нерегистрирани подолг временски период;
- се оставени на јавна површина спротивно на сообраќајните правила;
- претставуваат закана за животната средина, безбедноста на граѓаните или го нарушуваат изгледот на јавниот простор.

Идентификацијата на хаварисани и напуштени возила ја врши надлежната служба на Општина Делчево во соработка со Полициската станица Делчево.

По утврдувањето, на возилото се поставува писмено известување/стикер со рок од <u>7 дена</u> за негово доброволно отстранување од страна на сопственикот. Доколку сопственикот на возилото не го отстрани возилото во оставениот рок, Општина Делчево ќе пристапи кон принудно отстранување со специјализирана служба. Отстранетите возила ќе се транспортираат и сместуваат во определен простор/депонија назначена од Општината. Сопственикот има право да го подигне возилото по претходна идентификација и по целосно подмирување на трошоците за подигање, транспорт и складирање.Доколку возилото не биде подигнато во рок од <u>180 **дена**</u> од денот на отстранувањето, Општината има право да постапи согласно важечките закони за негово трајно отстранување или предавање на отпад.

За спроведување на оваа Одлука надлежни се Одделението за инспекциски надзор на Општина Делчево и Полициската станица Делчево.

Трошоците за постапката за отстранување паѓаат на товар на сопственикот на возилото. Ценовникот го утврдува општинската служба и се објавува јавно.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на локација за поставување на собирачки центар за електричен и електронски отпад ;**

И оваа точка ја образложи Т.Стојковска која истакна дека со оваа Одлука Советот на Општина Делчево утврдува локација за поставување на собирачки центар за електричен и електронски отпад, со цел организирано и безбедно собирање, времено складирање и предавање на отпадна електрична и електронска опрема.Собирачкиот центар ќе биде поставен на КП бр.7939/1 КО Делчево на стариот градски пазар. Собирачкиот центар ќе служи за бесплатно предавање на електричен и електронски отпад од домаќинства, како и отпад од правни лица согласно законските услови.Отпадната опрема одделно собрана на определеното место се предава на самостојниот постапувач, односно колективниот

постапувач врз основа на склучен договор со градоначалникот на општината.Општината ќе обезбеди:уредување и обележување на просторот, поставување соодветни садови/контејнери, видео надзор (доколку е потребно) и информирање на јавноста.Собраниот отпад ќе се предава на овластен собирач/преработувач согласно закон. Со управувањето ќе биде задолжен овластен колективен постапувач со кој општината ќе склучи договор со кој ќе се регулираат и меѓусебните обврски и други прашања од интерес на договорните страни.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој истакна дека темата за собирање на електронски и електричен отпад е прашање кое мора да се разгледува со многу сериозност, пред сè од аспект на заштитата на животната средина и здравјето на граѓаните.

„Свесни сме дека електричниот и електронскиот оттпад е еден од најбрзо растечкиот отпад и дека неговото складирање, собирање и траспорт е опасно. Неговото собирање, складирање и предавање на овластен собирач/преработувач може да биде позитивен чекор само ако се почитуваат сите законски стандарди. Иако ваквите собирни центри имаат релативно мал ризик, постојат опасности за кои мораме да бидеме свесни.

Прво, постои ризик од истекување на опасни материи. Дел од електронските уреди – телевизори, содржат олово, стари светилки содржат жива, а стари фрижидери и клима уреди содржат фреон, како и киселини и литиумови батерии. Доколку овие уреди се оштетат или се складираат неправилно, може да дојде до загадување на почвата;

Второ, постои ризик од пожар. Познато е дека литиумските батерии може да предизвикаат пожар ако се складиреет неправилно или дојде до краток спој;

Трето, постојат практични прашања кои ги засегаат граѓаните. Постои ризик од истекување на разни течности, граѓаните реагираат често за камионите кои носат отпад или доколку самиот простор не е добро организиран.

Токму затоа, должноста на Советот е да побара гранции дека локацијата е соодветна и нема да предизвика никаков ризик за околното население, дека отпадот ќе се складира на безбеден и контролиран начин, дека ќе постои редовен инспекциски надзор дека отпадот нема да се складира на самата логација подолг временски период“.

Исто така, тој постави неколку прашања до образлагачот кои се многу важни за јавноста:

-Дали граѓаните кои живеат ве непосредна близина на локацијата се благовремено информирани за планот за поставување на оваа локација таков центар?

Одговорот е НЕ! Дополнително на ова, граѓаните ниту се известени ниту пак имале можност да се изјаснат во врска со ова прашање.

-Дали е направена консултација со нив и дали го имате нивното мислење?

Одговорот е НЕ! Граѓаните не се информирани, не се консултирани и не се вклучени во процесот на донесување на одлука која лично нив ги засега.

Предложената локација се наоѓа во самиот центар на градот, кај стариот градски пазар, во чија непосредна близина има куќи, угостителски објекти, како и реката Брегалница. Локацијата е несоодветна, а сето тоа отвара сериозни прашања и простор оправдана грижа кај граѓаните. Исто така, се поставува и друго прашање-зошто не се разгледале алтернативни локации, кои се надвор од градот и не претставуваат опасност за граѓаните?“

Граѓаните на Делчево очекуваат транспарентност и сигурност и дека сите решенија што ги носиме се во нивен интерес и во интерес на здравата животна средина. Пред донесување на една ваква важна одлука, сметам, рече тој, дека јавноста треба да биде целосно информирана, а граѓаните да бидат вклучени во отворена и транспарентна комуникација. Во исто време треба строго да се почитуваат сите еколошки стандарди и мерки за заштита на животната средина. Токму затоа, предлагам оваа точка да биде повлечена од дневен ред и по неа да не се одлучува на оваа седница. Истата дополнително да се

разгледа и да се размисли за друга локација со што ќе се елиминираат и најмалите потенцијални ризици и ќе се обезбеди здрава животна средина на граѓаните, рече Игор Гошевски:

Единаесетта точка-Извештај за спроведувањето на Програмата за јавна чистота за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач и по оваа точка беше Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животната средина и комуналната инфраструктура која рече дека овој Извештај се однесува на Програмата за одржување на јавна чистота на општина Делчево за 2025год.  усвоена од страна на Советот на Општина Делчево  е изготвена врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (Сл.весник на РМ бр.111/08) и истата содржи: Вид и обем на работите, Динамика, временски рокови и начин на извршување на истите и  Финансиски средства потребни за извршување на истите.Во Планираниот период се вршени следните работи:

1.Метење на улици и јавни површини
2.Миење на улици
3.Собирање на отпадоци
4.Чистење снег и мраз
5.Финансиски дел

Со програмата миењето на улици е предвидено во период од 01.06.2025 до 30.09.2025год. да се мијат улиците:,,Бул.Македонија, ,,М.М.Брицо,, ,,Маршал Тито , ,,Индустриска,,Никола Јонко Вапцаров,,и ,,Светозар Марковиќ,,., но  2025 година миење на споменатите улици не е вршено.

Собирањето отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на садовите за отпад се вршеше секој работен ден според распоред. Комуналниот цврст отпад од создавачите се собираше еднаш неделно, во централното градско подрачје двапати, додека во населените места Габрово, Звегор и Разловци двапати месечно, еднаш годишно на спортските игралишта. Во зимски услови според програмата беше предвидено на површина од околу 13 900м2. Чистењето на снег и мраз е реализирано според Програмата на дадените локации и постапено по потреба односно е тесно поврзано со годишните врнежи на снег. Во изминатата 2025 од. ( податоци добиени од ЈКПД,,Брегалница“) врз основа на извршени дејности и услуги фактурирани се и наплатени по основ на јавна чистота од:
-физички лица: фактурирани-1 534.160.00, а наплатени-1.176.083.00 или 76.6% наплата и
-правни лица: фактурирани- 370.000,00, а наплатени 276.013.00  или 72,17%, односно  вкупно фактурирани 1.904,160,00 наплатени 1.352.096,00. или 75,3% од предвидената наплата.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево  донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за спроведувањето на Програмата за јавна чистота за 2025 година.

Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка  на Доброволна спасителска служба ОСОГОВО;

Точката ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека со оваа одлука се предлагат 10.000 денари на Доброволната спасителска служба ОСОГОВО, тие имаат поднесено барање до Општина Делчево со Предлог-годишна програма до сите општини во ИПР.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска помош на Данијела Ивановска;

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека со оваа одлука се предлагаат 10.000 денари на барателката Данијела Ивановска.  Таа е  самохран родител  на лице со најтешка телесна попреченост.Таа е невработена и не е корисник на социјална помош. Средствата ќе бидат наменети за

набавка на лекови и покривање трошоци за контролни прегледи и лекување на нејзиниот син.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска помош на Драгана Ѓорѓиевска;**

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека со оваа одлука се предлагаат 20.000 денари на барателката Драгана Ѓорѓиевска.

Средствата ќе бидат наменети за набавка на лекови и покривање трошоци за контролни прегледи и лекување на нејзиниот двегодишен син.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош на Драгана Ѓорѓиевска.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4;**

Образлагач по оваа точка беше Димитар Видимлиски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“ кој истакна дека согласно законот ООУ „Св.Климент Охридски“ има поднесено барање до основачот (Советот) да даде согласност за отпис и расходување на електронски електричен отпад. Училишниот одбор веќе има донесено ваква одлука и затоа бараме од Советпт да ја донесе Одлуката за авање согласност.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а толката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, против и воздржани нема и 2 советници кои се изземуваат, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Програма за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година ;**

Образлагач по оваа точка беше Џулиета Мемедова-Самостеоен референт за безбедност и здравје при работа. Таа рече дека ова е прва Програма за активностите на месните и урбаните заедници, законската основа на истата е во Глава XII, член 82 од Законот за локална самоуправа го регулира прашањето на месната самоуправа во единиците на локалната самоуправа. Во материјалите кои се доставени до Вас, недостасува еден дел кој се однесува на с. Разловци, а се однесува на уредување и мапирање на пикник место на историскиот локалитет Калагоргево, за што од Општина Делчево ќе се издвојат 20.000 денари.

Програмските активности ќе бидат финасирани од Буџетот на Општина Делчево по доставени барања со пропратната документација за еднократна помош за урбаните и месните заедници согласно Правилникот за утврдување на критериумите,условите и постапката за доделување на еднократна паришна помош.

Исто така дел од програмските активности ќе се финасираат и од Програма Д10-Градоначалник.

Вкупниот Буџет за реализација на Програмата за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година изнесува 657.000,00МКД.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Програма.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година;**

Образлагач по точката беше Наташа Димитровска-Виш соработник за информации и контакт со граѓаните која на почетокот ја истакна општата цел на Програмата, односно да се обезбеди активен

однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата и приближување на културата до сите жени, мажи, девојчиња и момчиња од Општина Делчево, а настаните и манифестациите од областа на културата се во функција на туристичка понуда од регионот. Бидејќи материјалите ги имаат добиено сите советници и во интерес на времето, таа рече дека нема детално да ја образлага програмата, а доколку имаат прашања, може да прашаат.

Претседателот на Советот отвори расправа и праша дали може манифестацијата Голачки фолклорни средби да се одржуваат на планината Голак, на локацијата каде што се одржувале порано.

Наташа Димитровска рече дека тоа зависи каква ќе биде ситуацијата, какви ќе бидат условите, дали ќе има забрана, како и претходните години или не. Општината ќе поднесе барање до надлежните, но дали ќе биде дозволено е прашање.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година.

**Осумнаесетта Предлог-Одлука за определување на тарифи за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Делчево.**

Образлагач по точката беше Николина П.Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта која истакна дека до Општина Делчево има поднесено барање од страна на авто –такси превозниците, а кое се однесува на измени на последната Одлука за определување на тарифи за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Делчево донесена во 2018 година. Со оваа одлука се предлага Тарифи за пресметување на цената за вршење на авто-такси превозот се следниве:

- Тарифа 1.1 дневна тарифа (во рамки на општината) се определува:

1. Старт (почеток на превозот со вклучен 1км)......................70,00 денари
2. Изминат километар при возење .......................................25,00 денари
3. Еден (1) час чекање..........................................................300,00 денари

- Тарифа 1.2 ноќна тарифа од 22.00-05.00 часот и за време на празници и недела (во рамки на општината) се определува:

1. Старт (почеток на превозот со вклучен 1км)......................90,00 денари
2. Изминат километар при возење .......................................25,00 денари
3. Еден (1) час чекање..........................................................300,00 денари

- Тарифа 2 (кон друга општина или градот Скопје) се определува:

1. Старт (почеток на превозот со вклучен 1 км) ..................100,00 денари
2. Изминат километар ...........................................................15,00 денари
3. Еден (1) час чекање..........................................................300,00 денари

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша кој е соодносот на цените од претходната и оваа одлука, односно која е разликата во цената и дали тоа ќе е дополнителен товар на буџетот на граѓаните?

Дејан Јовановски праша ако досега фиксно е 100 денари, колку ќе биде сега?

Н.П.Мавродиева рече дека ќе биде речиси исто или 70 денари плус 25, или 95 денари. Нема да има разлика, само ќе има нова одлука.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена, а одлуката беше ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница за 2026 година;**

Образлагач по точката беше Марија Сумрачка-ВД директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево која истакна дека при изготвувањето на оваа Програма е појдено од целите и интересите за постигнување на што подобри резултати во работењето врз основа на целосно искористување на капацитетите,

максимално подигање на нивото на услугите, оптимално користење на човечките ресурси и опремата, а во исто време максимално намалување на трошоците на работењето. Во 2026 година ЈКП „Брегалница“ ќе посвети посебен ангажман на :дистрибуција на чиста и здрава вода за пиење; одведување на урбани отпадни води преку канализациона мрежа; собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад, расчистување на диви депонии во градот и руралните населби, изградба на нова и реконструкција на постојаната водоводна и канализациона мрежа и др.вид на јавна инфраструктура; чистење и метење на улици и јавни површини; одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини, одржување, уредување и управување со градски гробишта и градска капела; одржување на градски пазар, одржување на јавно улично осветлување; изградба на нови и реконструкција на постојани пристапни и пешачки патеки и тротоари, поправање на ударни дупки, прекопи на улици и др. Во продолжение директорката зборуваше за организациската поставеност на ЈКП со посебен осврт на планираните активности во 2026 година и на финансиската проекција на приходи и расходи за 2026 по сектори. Во текот на 2026 година за Секторот општи и правни работи и Сектор финансии, финансиската проекција на расходи е 12.428.000 денари. За Секторот за водовод и канализација финансиската проекција на расходи е 13.770.000 денари од кои 1.000.000 денари ќе се за набавка на машина за одзатнување на канализација под висок притисок. Преекцијата на приходи е 37.650.000 денари.

Финансиската проекција на приходи во Секторот за комунална хигиена е 12.900.000 денари, а на расходите е 11.470.000 денари од кои 1 милион денари за набавка на трактор сомприколка и приклучна механизација. За Секторот за градско зеленило и градски гробишта финансиската проекција на приходи е 10.394.471 денар, а на расходите 7.524.000, од кои 300.000 денари се планираат за косилки и резервни делови. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша колку изнесува процентот на наплата за вода и ако е низок, како ќе се сголеми, кои мерки ќе бидат преземени?

Директорката Марија Сумрачка рече дека процентот на наплата на вода е над 90%, а континуирано се преземаат мерки за зголемување на тој процент со утужување на неплатените сметки за вода од страна на физичките и правните лица бидејќи ЈКП е во лоша финансиска состојба, над 7,5 милиони се недоспеани обврски по разни основи, сметката на ЈКП е блокирана, има и многу извршни решенија по осбов на кои се одливаат значајна сума на средства и покрај тоа што е подобрен процентот на наплата на многу услуги.

Игор Гошевски рече дека во Програмата има податок дека околу 11 км од водоводната мрежа се уште се со азбестни цевки и праша дали е ставено во Програмата и кога ќе бидат заменети тие цевки?

Директорката Марија Сумрачка рече дека станува збор за проект кој е во соработка со Општина Делчево , треба да се направи договор за реализирање на проектот и да се обезбедат средства и од Општина Делчево и од ЈКП „Брегалница“ бидејќи станува збор за значителна сума на средства. Таа рече дека се надева оти овој проект ќе се реализира во текот на 2026 година што е добро за граѓаните на Општина Делчево.

Претседателот на Советот, Николчо Стојменовски рече дека сите ја знаат лошата финансиска состојба на претпријатието, како резултат на лошото раководење на претходното раководство. Тој ја праша директорката дали ЈКП има план и кога може да се очекува подобрување на финансиската состојба на претпријатието?

Директорката Марија Сумрачка рече таа дека не може да предвиди рокови за стабилизирање на претпријатието. Како прво треба да се направи финансиска анализа, бидејќи покрај извршните решенија поради кои е блокадата на ЈКП, има и 40 активни тужби и долг над 7,5 милиони денари, пред извесно време Советот донел и Одлука за давање под залог на 2 возила за плаќање долг кон УЈП на рати. Според сето напред кажано, финансиската состојба на претпријатието не може да се стабилизира за толку краток период. Потребно е многу работа, ангажман, многу енергија и целосна посветеност на сите вработени, рече директорката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ПРОТИВ“, воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ за 2026 година.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.**

И оваа точка ја образложи Марија Сумрачка која рече дека пред советниците е Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево. Тарифата за 2026 година изнесува 45,15 дена/м3 без ДДВ 9моменталната цна е 43 денари без ДДВ) . Според Одлуката на Управниот одбор има покачување на истата за 5% за физички лица, а исто така е предложено покачување за 5% и кај правните лица каде моменталната цена е 68 денари/м3, а со 5% покачување се предлага нова тарифа од 71,40 ден/м3. Базна година за изготвување на оваа одлука според Бизнис планот била 2023 година која ЈКП „Брегалница“ остварило негативен финансиски биланс од-3.165.371 денари.Овој негативен финансиски резултат укажува на несовпаѓање со планираните приходите по основ на вода и канализазија со реалните расходи. При анализата на финансиската состојба потврдена во базната 2023 година е констатирано дека зголемените оперативни трошоци, електрична енергија, одржување на водоводна и канализациска мрежа, материјали, резервни делови и др.трошоци во работењето, имале значително влијание врз финансиската одржливост на претпријатието. Согласно законската регулатива Регулаторната комисија за енергетика, при утврдувањето на тарифите за вода и канализација, определува минимален и максимален ценовен опсег на цена. Врз основа на финансиската анализа од 2023 година во рамките на дозволениот ценовен опсег според Бизнис планот, е предложено покачување на цената на водните услуги за 5%. Ова покачување од 5% е одобрено и од Управниот одбор и е умерена корекција на цената усогласена со финансиските показатели и финансиската рамка. Со оваа одлука е предвидено зголемување на водата за 2,15 денари по литар без ДДВ. Ова зголемување е утврдено врз основа на доставениот Бизнис план и финансиските показатели земени од базната 2023 година и ма за задача делумно ублажување на негативниот финансиски план, подобрување на услугите за снабдување со вода и водоснабдување, како и подобрување на водоводната и канализациона мрежа и др.комунална инфраструктура.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која рече дека Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата немаат прашања. Внимателно ја разгледале предложената Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево, како и Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево. Тие се свесни дека претпријатието е во тешка финансиска состојба, но факт е дека таа лоша финансиска состојба е резултат на долгогодишното неодговорно и неефикасно управување со ЈКП во периодот на претходното раководство поставено од СДСМ. Одлуката за новите тарифи е донесена од страна на РЕК, како што рекла директорката и потпишана токму во тој период 2023 година. Таа истакна дека не се против стабилизирање на финансиската состојба на претпријатието и подготвени се да ги поддржат сите реални и одржливи мерки кои ќе му помогнат на ЈКП да се извлече од тешката состојба во која се наоѓа.

*„Во таа насока правилно е да ги поздравиме одлуките на УО на претпријатието кој одлучил да ги зголеми тарифите за мнинимални 5%, но не е правлно заради лошите политики на поранешното*

*раководство и поранешните структури на СДСМ, товарот да падне врз граѓаните на општина Делчево. Во услови кога семејните буџети се веќе оптеретени од растот на цените и трошоците за живот, секое поскапување мора и треба да биде последна мерка, а не прво решение за проблемите на институциите. Во таа насока, советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата нема да ги поддржи овие одлуки. Ние ќе продолжиме да се залагаме за решенија кои ќе обезбедат финансиска стабилност на ЈКП „Брегалница“, но првенствено ќе ги штитиме интересот на граѓаните на општина Делчево“.*

Игор Гошевски рече дека во неговата дискусија ќе ги спои двете точки кои се однесуваат на зголемување на тарифите за вода и одведување на урбани отпадни води. Тој им се извини на присутните што нема да зборува за убави работи и рече дека некој, сепак, мора да зборува и за нив, но и да ги штити интересите на граѓаните. Денес, на дневен ред се две точки кои се дополнително оптеретување на буџетот на секое семејство, особено во време во кое граѓаните се соочуваат со секојдневен раст на цените и со сериозен ценовен шок. Ова не е време за нови трошоци.

*„Важно е да се потсетиме и ние и јавноста дека додека беше во опозиција сегашната власт секогаш се спротивставуваше на покачувањето на цените на услугите на ЈКП „Брегалница“, а сега при прва прилика, Управниот и Надзорниот одбор предлагаат покачување на цените на водата и на одведувањето на урбаните и отпадните води. Ова не е ниту во Програмата на Градоначалникот, ниту во изборните ветувања. Дополнително мора да се постави прашањето-дали покачувањето на тарифата е навистина поради реалните потреби на ЈКП „Брегалница“ или за покачувањето на паушалите на членовите и претседатели на Надзорниот и Управниот одбор кое мнозинството во Советот го изгласа на една од претходните седници. Граѓаните заслужуваат транспарентност и заштита на нивните интереси, а не нови трошоци кои го преоптоваруваат нивните семејни буџети. Затоа како опозиција категорично се спротивставуваме на ова покачување и бараме точките да се повлечат додека не се обезбедат јасни пресметки и гаранции дека евентуалното покачување ќе се користи исклучиво за подобрување на услугите кон граѓаните, а не за паушали на Надзорниот и Управниот одбор. Ги повикувам колегите советници да го следат примерот на мнозинството од претходниот состав на Советот и да застанат на страната на граѓаните“.*

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на Игор Гошевски за повлекување на точките 20 и 21.

Со 3 гласа „ЗА“ и 10 „ПРОТИВ“, предлогот не беше прифатен.

За реплика на Игор Гошевски се јави Адријана Илиевска Велковски која рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ дефинитивно продолжуваат со својата работа на нивните колеги од ВМРО ДПМНЕ од претходниот состав на Советот. ВМРО ДПМНЕ е сериозна партија која секогаш е поврзана со минатото и секогаш мисли на иднината на граѓаните.

Контра реплика имаше Игор Гошевски кој рече дека тој само го повикал мнозинството да го следи примерот на претходниот состав на Советот кој секогаш застануваше зад интересите на граѓаните.

За збор се јави градоначалникот на Општина Делчево кој рече дека бил прозван како член на Советот во претходниот состав и сака да појасни некои работи во врска со овие две точки пред советниците и пред граѓаните на општина Делчево. Предложеното покачување на тарифите во овие две одлуки е предложено од страна на РЕК во базната 2023 година. Анализата на финансиските показатели во Бизнис планот покажува негативен финансиски биланс на ЈКП од 3,5 милиони денари при што остварените приходи од вода не ги покриваат реалните трошоци (електрична енергија, одржување на водоводна и канализациска мрежа, материјали, резервни делови и др.трошоци во работењето). Оваа состојба укажува на структурен дисбаланс во работењето на ЈКП и се должи на неусогласеност на цените со реалните трошоци, како и на недостатоци и пропусти во работењето. Градоначалникот истакна дека ова се цитати од Укажувањето на РЕК која е највисок орган за утврдување на цените на водата и водни услуги. Со цел да се обезбеди квлатитетно и континуирано обезбедување на вода за пиење и унапредување на водоснабдителниот систем, потребно е умерено коригирање на цените на водните

услуги. Предложеното покачување има за цел постепено усогласување на приходите со реалните трошоци за одржување. Тој истакна дека како градоначалник заедно со менаџментот на претпријатието кое е од витално значење за граѓаните на општина Делчево ќе се труди да го постави на здрави нозе, за разлика од недомаќинсото работење на претходниот менаџмент. Паралелно со тоа  ќе се преземат соодветни мерки за сузбивање на  големите загуби на вода во с.Трабботивиште, Ѕвегор и насекаде, како и откривање на дивите приклучоци  на целата територија бидејќи се губи многу вода, се појавува многу голема разлика од потрошената и фактурираната вода. Најголем проблем на ЈКП е  големата загуба на вода, ева на пример за с. Ѕвегор разликата помеѓу фактурираната и влезната вода е 1000м3. Претходниот менаџмент на претпријатието свесно дозволило диви приклучоци за вода, има сознанија дека поранешни функционери имаат  надворешни диви приклучоци. Апелираме дека јас како градоначалник и раководтството на ЈКП ќе ги решеваме тие проблеми, ќе пристапиме кон откривање на таквите приклучоци и нивно исклучување и санкционирање согласно закон. Како Општина имаме план како и на кој начин ќе се справиме со овој проблем, рече градоначалникот. На крајот тој истакна дека неносењето на одлука на Совет за покачување на тарифите ќе остави простор РЕК сама да изврши корекција или покачување кое можеби ќе е и повисоко од 5%. Лично сметам дека Советот не треба да носи одлуки за покачување на водата, граѓаните не се должни да ги плаќаат од свој џеб загубите на некој што не работел домаќински, рече градоначалникот.

Игор Гошевски праша која е минималната и максималната цена која може да ја одреди Регулаторната комисија за енергетика за тарифата за вода?

Директорката истакна дека за вода минималната е 44,39, максималната 56,74 дебари за 1м3.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 0 гласови „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“ и 10 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево **не ја донесе** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево, односно  **не даде согласнот на** Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.**

Образложение поднесе директорката Марија Сумрачка која рече дека и за оваа одлука образложението е исто, односно зголемени се расходите за одржување на канализација  и затоа Управниот одбор има донесено одлука со која се предлага покачување на тарифата, а од Советот се бара согласност. Со Одлуката на УО се предлага за физички лица покачување од 5%, односно од  15,50 на 16,28/м3 за 2026 година  и 17,10 ден./1м3 за 2027 година.

За правните лица се предлага покачување од 5% или  27,30 ден/1м3 за 2026 и 28,67 ден/1м3 за 2027 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 0 гласови „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“ и 9 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево **не ја донесе** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2025-2027 од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за давање на  согласност на Одлуката за утврдување на надоместоци за користење под закуп на пазарни тезги и деловни објекти на „Градски пазар во Општина Делчево“, донесена од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.**

Образлагач по точката беше  Марија Сумрачка-ВД директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево која рече дека врз основа на договорите за закуп на градскиот пазар, како и Одлуката на УО на ЈКП, до неа

како одговорно лице на ЈКП се доставени неколку извештаи во кои е објаснето со кои проблеми, потреби и предизвици се соочува Градскиот пазар. Едно од барањата е ставање во функција на деловните простории кои се дадеди на користење на ЈКП „Брегалница“ со Одлука на Совет за трајно користење 09-975/1 од 13.04.2023 година. Со оглед на потребата на закупци кои навистина имаат реална потреба од деловни простории, се јавува потребата од нивно ставање во функција, односно издавање под закуп со што ќе се овозможи поефикасно користење на просторот како и задоволување на потребите на заинтересираните лица за вршење на деловната дејност. Во однос на цените, таа истакна дека досега ЈКП постапувало по Одлука на Советот на Општина Делчево од 2016 година која е правена за стариот пазар и воопшто не соодвествува со реалните потреби и сегашните услови. Затворениот дел на пазарот има 192 пазаришни тезги за чие користење се определува надомест од 900 денари месечно, а дневната такса за користење на пазаришна тезга да изнесува 300 денари која е само усогласување со старата цена од 150 денари од тезга која била долга 1 метар а сега е 2 метри. За деловните простории се утврдува цена од 300 ден/м2 која е усогласена со побарувачката на пазарот и усогласена со цените во регионот, при што се земени предвид пазарните цени, локацијата. На Градскиот простор постојат 17 деловни простории, од кои моментално се користат само 2 простории од страна на ЈКП.Просториите се со различна големина од кои 2 се со поголема површина. Доколку има прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Градоначалникот кој рече дека го радува фактот што во Градскиот пазар ќе има и трговска дејност. Целта е да им се овозможи на сите занаетчии и локални производители своите производи да ги продаваат во соодветни услови. Сите простории имаат приклучок на струја и вода, а исто така ЈКП ќе остварува и дополнителни приходи.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 3 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на надоместоци за користење под закуп на пазарни тезги и деловни објекти на „Градски пазар во Општина Делчево“, донесена од Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

**Дваесет и трета точка-Предлог-Одлука за избор на член од Советот на Општина Делчево кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот;**

Образлагач по оваа точка беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за општи и правни работи која истакна дека со оваа одлука се избира член од Советот на Општина Делчево кој одлучува во случај на конфликт на интереси на Градоначалникот, ), односно кога се одлучува за прашања во кои Градоначалникот или неговиот брачен другар, деца или роднини до втор степен странична линија имаат финансиски или друг личен интерес.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која предложи да се назначи советничката Адријана Илиевска Велковски.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“, воздржани нема, Советот на Општина ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и четврта точка-Предлог- Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бр. 09-2013/1 од 29.08.2025 година;**

Образлагач по оваа точка беше Сашко Ивановски-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево, кој истакна дека до Советот на Општина Делчево е доставено Барање за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево бр. 09-2013/1 од 29.08.2025 година. Истото е доставено затоа што во Подрачното училиште во с. Габрово, има најава за отсуство на наставничка подолг временски период, а училиштето нема можност да прими нов

наставник бидејќи наставничката е пред пензија, односно заминува во пензија на 27 април 2026 година. Од наменската дотација нема доволно средства за тековните трошоци, целта е да се заштедат неколку плати и од тие причини се поднесува ова барање за формирање на комбинирани паралелки во овие две училишта.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 1 се иззема од гласање, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево, ја донесе оваа Одлука.

**Дваесет и петта точка-Предлог-Одлука за финансиска помош на Демир Јашаров;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека одлуката се однесува на средства за организација на ифтарската вечера во Делчево, износот е 16.750 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и шеста точка-Предлог-Одлука за финансиска помош на Ерол Садулов;**

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека одлуката се однесува на средства за организација на ифтарската вечера во Трабртивиште, износот е 12.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и седма точка-Предлог- Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;**

Во врска со оваа точка претседателот рече дека се однесува на барање доставено од ООУ „Ванчо Прке“ за одобрување на средства за плаќање на сметки за струја во износ од 84.304.

Процедурално реагираше Игор Гошевски, кој побара пауза за да има Комисија бидејќи овие две точки биле доставени дополнително и не се разгледани на комисии.

Претседателот даде пауза.

По паузата беше отворена расправа и за збор се јави Горан Николовски кој рече дека Комисијата ги разгледала овие 2 точки и дава позитивно мислење.

Игор Гошевски побара писмен одговор од која ставка и од која Програма ќе се исплатат средствата.

Расправата бше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 7 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ , 1 „ВОЗДРЖАН“ и 2 се изземуваат, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и осма точка- Предлог- Одлука за одобрување средства за подмирување на трошоци за електрична енергија на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;**

Во врска со оваа точка претседателот рече дека се однесува на барање доставено од ООУ „Св.Климент Охридски“ за одобрување на средства за плаќање на сметки за струја во износ од **93.788** денари.

Беше отворена расправа.

Игор Гошевски побара писмен одговор од која ставка и од која Програма ќе се исплатат средствата.

Расправата бше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ , 0 „ВОЗДРЖАН“ и 2 се изземуваат, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и деветта точка-Заклучок во врска со Информацијата за советниците и јавност во врска со обидите на советникот Тони Стаменковски од политичката партија Левица.**

Точката беше претходно образложена од страна на градоначалникот, на почетокот на седницата.

Претседателот на Советот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Заклучокот во врска со Информацијата за советниците и јавност во врска со обидите на советникот Тони Стаменковски од политичката партија Левица, беше ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 3 „ВОЗДРЖАНИ", против нема, 4 не се присутни, Советот на Општина Делчево го донесе овој Заклучок.

На крајот од оваа седница од страна на советникот Игор Гошевски, поради реакции и загриженост на граѓани, беше поставено следнпто прашање:

1.Дали Општина Делчево има информации и дали е извршен надзор на евентуални проблеми и нерегуларности при уредувањето на коритото на реката Брегалница? Според информации од терен, при уредувањето на одредени селови не се почтува правецот на коритото туку се врши странично изменување на водотекот лево и десно, што може да претѕставува ризик од излевање при надојдување на реката. Дополнително, на одредени места водотекот е приближен и до околу 20 метри од куќата, што создава сериозна загриженост кај жителите за безбедноста на нивните домови. Дали е извршен стручен надзор над овие активности и кои мерки ќе се преземат за да се спречат можни последици по безбедноста на жителите и нивните домови?

Седницата заврши со работа во 13:30 часот.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николчо Стојменовски**

**Записникот го водела**
**Снежана Трајкова**